# Опис на услуги за испорака на курсеви за занимања

## 1 Краток опис на проектот

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со три граѓански организации Флоренс Најтингел од Куманово, Иницијатива за европска перспектива од Скопје (ИЕП) и Рекански бисер од Маврово и Ростуша го спроведува проектот финансиран од Европската Унија **„Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот".**

**Општа цел** на проектот е подобрување на вработувањето на жените погодени од конфликтот. Со проектот треба да се поддржи пристапот до пазарот на труд на жените погодени од конфликтот во седум општини: Липково, Чаир, Сарај, Јегуновце, Желино, Теарце и Маврово и Ростуша.

Проектот ќе се спроведе преку следните активности:

- Идентификација на жени погодени од конфликтот (анализа, информативни состаноци, анкета, планови за личен развој);
- Обуки и курсеви за развој на основни вештини (странски јазик, компјутери, вештини за вработување, занимања и сл.);
- Обука низ работа; и
- Јакнење на партнерите.

## 2 Краток опис на бараните услуги

Во рамките на проектните активности се идентификувани околу 250 жени заинтересирани за учество во проектот (во понатамошниот текст - корисници). Корисничките на проектот ќе имаат можност да одберат и учествуваат на курсеви за англиски јазик, компјутери и занимања (кроење/шиење, фризерство, готвење, угостителство и др.). По успешното завршување на курсевите за поголем дел од нив е планирано да се обезбеди тримесечен ангажман во локалните претпријатија.

За потребите на проектот се потребни услуги за испорака на курсеви за **занимања** и тоа:

1) Курс за фризерство;
2) Курс за кроење и шиење;
3) Курс за компјутерско водење на сметководство;
4) Курс за готвач во угостителски објекти;

Очекуваниот вкупен број на учесници е 60 кориснички, и тоа:

| **Курс / Локација** | **Скопје** | **Тетово** | **Липково** | **Маврово и Ростуша** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Фризерство | - | 10 | - | - | **10** |
| 2) Кроење и шиење | 10 | 10 | 5 | - | **25** |
| 3) Компјутерско водење на сметководство | 10 | - | 5 | - | **15** |
| 4) Готвач во угост. објекти | - | - | - | 10 | **10** |
| **ВКУПНО** | **20** | **20** | **10** | **10** | **60** |

Максималното траење на еден курс може да биде три месеци.

Курсевите треба да бидат испорачани во целните општини или во градовите кон кои овие општини гравитираат (на пр. Тетово, Куманово). Најголем дел од курсевите треба да се испорачаат на албански јазик, а останатите на македонски јазик. Најголем дел од учесничките се на возраст до 35 години, со завршено средно или повисоко образование од рурални средини.

Забелешка: Точниот број на курсеви, темите на курсевите, локацијата, бројот на часовите и нивниот интензитет и распределба ќе бидат детално испланирани со избраниот добавувач, а по завршувањето на разговорите со корисничките за планови за нивен личен развој.

Operational Programme for Human Resources Development 2007-2013
Project "Assisting conflict-affected minority women", funded by the European Union.
Contract no.: 09-37895/1

## 3 Наставници

Наставниците треба да имаат соодветно образование од соодветната струка или најмалку пет години искуство во испорака на курсеви за возрасни за одреденото занимање и по можност да говорат покрај македонскиот и албански јазик.

Добавувачот треба да определи и водачот на тимот, кој ќе ја координира испораката на бараните услуги и ќе биде врска со МЦМС. Тој треба да поседува одлични организациски и комуникациски вештини, минимум пет години искуство во испорака на обуки и искуство во подготовка на материјали и извештаи за курсеви.

## 4 Очекувани продукти

- Испорачани курсеви за занимања;
- Списоци за присуство на часови од учесничките;
- Тестирање и сертификати за учесничките;
- Извештај за текот на курсевите;

## 5 Временски распоред (прелиминарен)

Услугите треба да се испорачаат во периодот 1 јули – 30 септември 2013 г.

## 6 Начин и рок на плаќање

Во финансиските понуди да се наведе начинот на плаќање (на пр. xx дена по испорачана услуга или доставена фактура).

## 7 Логистика

Простор и опрема за курсевите треба да обезбеди избраниот добавувач.

## 8 Понуда

Понудата се состои од техничка и финансиска понуда и придружна документација. Обрасците за финансиската понуда, како и опис на придружната документација се дадени во барањето понуди. Понудата треба да биде на македонски јазик, а доколку се даваат и прилози, истите може да бидат на албански или англиски јазик.

**Набавката е делива** по ставките (четири) дадени во барањето понуди.

**Понудувачите можат здружено да поднесат понуда** во форма на заедничко спроведување (група понудувачи/конзорциум) или во форма на поддоговарач. Во техничката понуда понудувачите јасно треба да го наведат видот на нивното здружување, водачот на групата, обврските на партнерите или поддоговарачите во форма на договор за заеднички настап потпишан од сите вклучени.

Финансиска понуда: Во финансиската понуда треба да се понуди **просечна цена по учесник**. Во оваа цена треба да бидат вклучени сите трошоци за курсевите (наставник, просторија, опрема, трошоци за работен/наставен материјал, тестирање и сл.). Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Набавувачот ќе го плати нето-износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган потребните документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата. Колоната „вкупна цена со ДДВ не мора да ја пополнувате само доколку не сте ДДВ-обврзник.

Придружна документација: Доколку се поднесува копија, таа треба да е заверена од добавувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

Прашања за појаснување може да се поставаат најдоцна до 26 јуни 2013 г. (среда) по е-пошта на dst@mcms.mk.

## 9 Избор на добавувач

МЦМС, во согласност со одредбите од договорот со донаторот на проектот спроведува **јавен повик** со прибирање на најмалку три понуди.

Критериум за избор на добавувач, покрај цената, е можноста за испорака на курсевите на повеќе локации и на два јазика (македонски или албански јазик).

МЦМС може да склучи договори со два или повеќе добавувачи.